Од наредилницана.

[Списание „Вардар“ на стар македонски правопис]

Нашијот месечник јет нешчо ново, шчо ќе привлечит внимајн’ето на свите, шчо се интересувајет со маќедонцкото прашајн’е. Однапред можит да се речит, оти «Вардар» ќе бидит постретен от свите, шчо се интересувајет со маќедонцкото прашајн’е, осем западно-јевропејците, као нешчо шчо можит да принесит голема шчета на интересите на свите заинтересувани во маќедонцкото прашајн’е балканcќи народи.

Од «Вардар» ќе бидат недовол’ни: Турците, Грците, Бугарите, Србите и самите Маќедонци.

Турците ќе се бојат да не предзнаменуват тој некакво ново течејн’е стред Маќедонците, коіо би могло да предизвикат нови брканици во Маќедонија. Грците једвај ли ќе се порадувајет на какво и да јет движејн’е стред Маќедонците, којо би могло да покажит способност на борба за самосочувувајн’е на словенцкијот јелемент во некога сласичната Маќедонија.

Бугарите и Србите не милувајет појавувајн’ето на «Вардар» со неговата нова нацијонална програма као нешчо, шчо можит да нанесит смртен удар на нивните нацијонални стремејн’а во Маќедонија. Наiпосле по големијот, ако не речиме на големијот, дел на Маќедонцката интелегенциіа ќе јет против «Вардар» со неговата програма, зашчо свите Маќедонци, противници на маќедонцкијот нацијонален сепаратизм, сет убедени, оти со пари во Маќедонија човек можит да создадит од нашите Маќедонци не само бугарцка, србцка, грцка или маќедонцка, ами и циганцка народност и циганцки интереси, а без пари не се правит нишчо: противниците на нацијоналнијот сепаратизм мисл’ат, оти нацијоналните сепаратисти, као л’уѓе, шчо не располагает ништо со пари, ниту со соосеќавајн’ето и поддржувајн’ето нито на једна од балканцките или големите јевропејцки државі, ќе создадат во Маќедонија само једна нова словенцка партија, која само ќе уголемит и без тоа големата раздробеност на словенството во Маќедонија. Немат зашчо да се зборат, оти и простијот народ ќе бидит против «Вардаров» и неговите сотрудници, нацијоналните сепаратисти: идејата, шчо је имајет сепаратистите, јет много одвлечена и тешко се разбират от простијот народ, на

кој му имајет надојдено свекакви проповеди и новововедувајн'а. Наіпосле противниците на «Вардар» и маќедонцките нацијонални сепаратисти сет и руските словенофили и мнозина словенознајци: тије велет, оти и без нова маќедонцка словенцка народност имало многу словенцки народности: свекој разумен човек, велет тије, би требало да се стремит кон сојединувајн'ето нови словенцки народности, за који до сега нито историіата, нито филологиіата не сет зборувале нишчо.

Ја колко неприіатели имат «Вардар» ушче од завајќајн'ето на неговото излегувајн'е на бело видело.

Неговиот задаток, значит, ќе бидит:

1. тој да урдит известни односи меѓу него, неговата програма, неговите последувачи – маќедонцките нацијонални сепаратисти – од једна страна, и неговите противници – своите балканцки народности, заинтересувани во маќедонцкото прашајн'е – од друга;

2. тој ќе требит со научни доводи да се борит со своите словенофили и словенознајци, који, опирајќи се на историіата и филологиіата, одречит сąшчествувајн'ето на оддел'на словенцка – маќедонцка – народност; со друзи зборови, на «Вардар» му се паѓат, тој да прегледат свите научни, историјцко-лингвистички прашајн'а за народноста на Маќедонците и да и подложит на строга научна критика опирајќи се на нови лингвистички материјали и теорија.

3. Нај после трето и најглавно «Вардар» не само требит да следит научна основа на маќедонцкијот нацијонален сепаратизм, но тој требит да покажит нагледно да јет и јазикот самобитен, да тој не јет ни српцќи, ни бугарцќи и да јет способен за литературно развивајн'е. Редом со достигајн'ето на тој задаток, «Вардар» ќе дадит на своиите читатели цел ред интересни за свекој Маќедонец научни и белетристични материјали и со тоа ќе кладит основа на маќедонцката самостојна наука и литература.

«Вардар» ќе се помачит со нови научни материјали да представуват интерес не само на Маќедонците или заинтересуваните от политично гледиште со маќедонцкото прашајн'е туѓинци, ами исто така и за тије от последните, за коіи нашата татковина представуват чисто научен интерес. Со статијите на руски іазик «Вардар» ќе се помачит да запознајит

по широките руски крагови со Маќедонија и маќедонцкото прашајн’е.

Ево и задатоците, шчо си и имат кладено «Вардар»; тије сет од двојен характер: политичен и научно-литературен.

Задатоците на «Вардар» сет до толку големи, мачнотијите, со који имат тој да се стретит, сет от толку серијозен характер; пријателите, на који тој имат да бројит, сет до толку малу, шчо ушче од заватово се чинит, оти гласо на «Вардар» ќе бидит глас на викач во пустијн’а.

Постред таја глабока жалост, шчо задавуват градите, кога помисл’уваме за мачнотијите, со који имат да се стретит «Вардар», само једно нас не` утешават, а то јет – Господ Бог и правината негова, шчо јет на наша страна: со неја и Тој јет кај нас и со нас, а со Господ напред «Вардар» ќе излезит победител’ от свите мачнотији, какви и да сет тије.

*од Крсте Петков Мисирков*


Год. I. 1-и Септемвриіа 1905 год. № 1

Излегуват на 1-и броі от свекоі месец. **ВАРДАР** Наредилницана се наоѓат во Одеса, ул. Гогол' № 4.

Наредник-издавач *К. П. Мисирков.*

ИЗЪ КНИ
П. А. КУЛАКОВ

## Од наредилницана.

Нашіот месечник іет нешчо ново, шчо ќе привлечит вниманіето на свите, шчо се интересуваіет со македонцкото прашаніе. Однапред можит за се речит, оти «Вардар» ќе бидит постретен от свите, шчо се интересуваіет со македонцкото прашаніе, осем западно-іевропеіците, као нешчо. шчо можит да принесит голема шчета на интересите на свите заинтересувани во македонцкото прашаніе балканцки народи. Од «Вардар» ќе бидат недоволни: турците, грците, бугарите, србите и самите македонци. Турците ќе се боіат да не предзнаменуват тоі некакво ново течені е стред македонците, коіо би могло да предизвикат нови бркаеици во Македониіа. Грците іедваі ли ќе се порадуваіет на какво и да іет движеніе стред македонците, коіо би могло да покажит способност на борба за самосочувуваніе на словенцкиіот іелемент во некога класичната Македониіа. Бугарите и србите не милуваіет поіавуваніето на «Вардар» со неговата нова национална програма као нешчо, шчо можит да нанесит смртен удар на нивните национални стремені а во Македониіа. Наіпосле по големиіот, ако не речиме наі големиіот, дел на македонцката интелегенциіа ќе іет против «Вардар» со неговата програма, зашчо свите македонци, противници на македонцкиіот национален сепаратизм, сет убедени, оти со пари во Македониіа човек можит да создадит од нашите македонци не само бугарцка, србцка, грцка или македонцка, ами и циганцка народност и циганцки интереси, а без пари не се правит нишчо: противниците на националниіот сепаратизм мисл[illegible]т, оти